Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: / E pranuar: | 24-01-2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број: / Numër: | | Вредност: / Vlerë: |
| 19 | -37/1 | / | / |

Број 19-106/1/2/3-21

27

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење"**

(Име на здружението/ фондацијата)

# ЗАВРШЕН ОПИСЕН И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

**Мониторинг на судски постапки во основните судови во Р.Северна Македонија**

(Име на проектот)

Скопје, 24.01.2022 година

(место) (датум)

## 1. Општи информации за проектот и корисникот

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | Договор бр. 19-106/2 од 23.07.2021 |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" |
| Наслов на проектот | Мониторинг на судски постапки во основните судови во Р.Северна Македонија |
| Период на спроведување на проектот | од 01.08.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | Извршна директорка Натали Петровска |
| Проектен менаџер | Проектен координатор Ивана Петковска |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070/252-993<br>ipetkovska@all4fairitrials.org.mk |
| Цел на проектот | Поддршка на судските реформи насочени кон целосно исполнување на критериумите поставени со Поглавјето 23 преку оценување на ефикасноста на кривична и граѓанска правда во основните судови и следење на практичната имплементација на процесните гаранции поставени во Законот за кривичната постапка и Законот за парничната постапка како и меѓународно прифатените стандарди за фер и правично судење. |
| Целна група | Основни судови во РСМ, странки во судски постапки, релевантни институции, општа јавност (граѓани) |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | Република Северна Македонија |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600.000 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 598.161 ден. |

## 2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот.

(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

Подготвителните активности за спроведување на овој проект започнаа со адаптација на методологијата за следење на судските предмети како и ревидирање на базата на набљудувачи со која располага Коалицијата. Во рамки на проектот, беа ангажирани 18 професионални судски набљудувачи за мониторинг на судски постапки на територијата на цела држава. Во периодот од септември до декември 2021 година беа мониторирани 150 рочишта за главна расправа во 12 основни судови во Р.Северна Македонија. Судските рочишта кои што беа предмет на мониторинг беа по пријава од страна на граѓаните, односно пристигнати беа 36 барања за мониторинг на судски предмети, а дел од предметите за мониторинг беа избрани и по случаен избор од граѓанската и кривичната област. Додека траеше процесот на мониторинг паралелно, правните експерти кои што беа ангажирани во рамки на овој проект во случаите на детектирано отстапување согласно податоците кои беа добиени од страна на набљудувачите изготвија 5 правни мислења поткрепени со законски одредби, домашна и меѓународна судска пракса и друга правна аргументација. Правните мислења беа јавно објавени на следните теми:

1. Правото на судење во разумен рок како едно од основните гаранции за фер и правично судење
2. Забраната за двојно казнување (non bis in idem) во судските постапки во Р. Северна Македонија
3. Кои механизми ги имаат граѓаните за заштита на нивните права пред Судскиот совет на РСМ?
4. Институтот признание на вина низ призма на начелото на пресумпција на невиност во кривичните постапки
5. Начелото на еднаквост на оружјата како гарант за фер и правично судење

Воедно, на крајот на проектот, согласно податоците кои што беа добиени од мониторингот беше изготвен документ за јавни политики на тема: Ефектите на дигитализацијата на судството врз должината на судските постапки. Документот за јавни политики е објавен на веб страната на Коалицијата и на социјалните мрежи со кои што располага Коалицијата.

Во однос на активностите поврзани со подигнување на општата свест за правата на граѓаните во судските постапки и начелото на јавно судење како дел од меѓународните стандарди за фер и правично судење, беа изготвени и поставени постери во основните судови во државата преку кои граѓаните имаа можност да се запознаат со поимот за начелото на јавно судење како и со податоци како можат да се обратат до Коалицијата и да побараат мониторинг на судските постапки кои што се водат пред судовите во државата. Исто така, во насока на едукација на граѓаните и запознавање со правата кои што ги имаат како странки во судските постапки, на социјалните мрежи на Коалицијата беа објавени 3 инфографици со едукативна содржина за правата на граѓаните во судските постапки. Еден од инфографиците се однесуваше на правата на граѓаните во кривичните постапки, вториот се однесуваше на граѓанските постапки, додека пак третиот инфографик беше општ за начелото на јавно судење кое што е принцип и во двете судски постапки согласно процесните закони. Воедно, во оваа компонента на проектот беше поставен и билборд пред основните судови во Скопје (кривичен и граѓански) преку кој граѓаните имаа можност да се запознаат со принципот за јавно судење.

**3. Спроведени активности и резултати од проектот**
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| А.1 Подготвителни активности | Адаптација на методологијата за следење на судските предмети и ревидирање на базата на набљудувачи со која располага Коалицијата | Август 2021 година | Р.1 Адаптирана методологија за следење на предмети<br>Р.1.2 Ангажирани 18 професионални судски набљудувачи |
| А.2 Мониторинг на судски постапки преку физичко присуство во судницата | Во рамките на оваа активност беа мониторирани 150 рочишта за главна расправа од граѓанската и кривичната област | Септември-декември 2021 година | Р.2 Обезбедена јавност на судењата за почитување на меѓународните стандарди за фер и правично судење<br>Р.2.1 36 граѓани се обратија до Коалицијата за мониторинг на судски постапки |
| А.3 Искористување на механизмот за рано репортирање на детектирани процесни неправилности | Правните експерти ангажирани во овој проект, согласно добиените податоци од мониторингот, во случаите на детектирано отстапување изготвија 5 правни мислења поткрепени со законски одредби, домашна и меѓународна судска пракса и друга правна аргументација | Октомври-декември 2021 година | Р.3 Објавени 5 правни мислења на веб страната на Коалицијата и социјалните мрежи за детектирани процедурални пропусти во |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | набљудуваните постапки |
| А.4 Активности за подигнување на општата свест за правата на граѓаните во постапките и начелото на јавно судење | Како дел од овие активности, беа изготвени и поставени постери во основните судови во државата преку кои граѓаните имаа можност да се запознаат со начелото на јавно судење како и да се обратат до Коалицијата и да побараат мониторинг на судските постапки кои што се водат пред судовите во државата. Исто така, на социјалните мрежи на Коалицијата беа објавени 3 инфографици со едукативна содржина за правата на граѓаните во кривичните и граѓанските судски постапки. Во овој дел беше поставен и билборд пред основните судови во Скопје (кривичен и граѓански) преку кој граѓаните имаа можност да се запознаат со начелото на јавно судење. | Септември-декември 2021 година | Р.4 Најмалку 1000 граѓани се информирани за начелото на јавно судење и можноста да побараат мониторинг на судски постапки преку поставени постери во сите основни судови во Р.Северна Македонија, 3 инфографици објавени на социјалните мрежи и 1 билборд поставен пред основните судови во Скопје. |

**4. Проблеми во спроведување на проектот** (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Во периодот на имплементација на проектот не се соочивме со проблеми при неговото спроведување.

**5. Видливост и јавност** (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

| Активност | Индикатори | | |
|---|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци | Објави во медиуми |
| Правни мислења | | 5 | |
| Билборд | | 1 | |
| Инфографици | | 3 | |

**6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот**

Судскиот мониторинг е ефикасна алатка за детектирање на институционалните слабости кои се однесуваат на правосудниот систем, како и за иницирање на реформски процеси во судството. Информациите кои што беа собрани од страна на набљудувачите се клучни за проблемите и предизвиците во правосудниот систем, како и за евидентирање на определени слабости и можност за нивно унапредување.

Имајќи предвид дека во судовите во Р.Северна Македонија најголемиот дел од судењата се одвиваат без присутна јавност во судниците мониторингот влијаеше и на зголемување на јавноста на судењата ефективна реализација на правото на јавно судење како една од основните гаранции за фер и правично судење. Со присуството во судниците, констатирано е подобрување во постапување на судовите, особено во поглед на примената на процесните гаранции, како што се: поуките за права на обвинетите

лица, образлагање на процесни решенија, аргументирање на одлагања на судењата и слично. Дополнително, во отсуство на соодветен степен на јавност и транспарентност на судовите во своето работење, обезбедувањето на стручна јавност на расправите не само што ја зголемува достапноста на информации за работењто на судовите, туку придонесува и кон промени во перцепциите за работата на институциите кај генералната јавност и зголемување на јавната доверба во судството. Искористување на механизмот за рано репортирање за детектирани процесни неправилности досега се покажа како ефикасен во поглед на покренување на свесноста и вниманието на јавноста врз определени проблеми и пропусти од аспект на постапката, преку конкретни примери детектирани при процесот на мониторинг.
Коалицијата и во наредниот период ќе продолжи со мониторинг на кривични и граѓански судски постапки во основните судови во државата. Со оглед на тоа што граѓаните преку овој проект имаа поголема можност да се запознаат со тоа како можат да се обратат до Коалицијата за мониторинг на нивните постапки, Коалицијата ќе продолжи и понатаму да биде достапна за граѓаните за да обезбеди јавност на судењата во нашата држава, а воедно и како регистрирано здружение за бесплатна правна помош Коалицијата ќе продолжи со пружање на правни совети согласно Законот за бесплатна правна помош.

## 7. Финансиски извештај

| Структура на трошоци | Доделени средства (според доставениот ревидиран буџет на проектот) | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **I. Вработени (вкупно)** | | | |
| Проектен координатор 50% | 105.000 | 105.000 | |
| Финансиски асистент 80% | 144.000 | 144.000 | |
| **II. Патни трошоци (вкупно)** | | | |
| Транспорт | 10.000 | 9.995 | |
| **III. Опрема (вкупно)** | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| **IV. Канцелариски материјали (вкупно)** | | | |
| Канцелариски материјали | | | |
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| **V. Други директни трошоци (вкупно)** | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | 10.000 | 9.293 | Остатокот од 707 денари се пренаменети во буџетска ставка Банкарски провизии |
| Банкарски провизии | 3.650 | 4.357 | Пренамена во износ од 707 денари од ставка Трошоци за комуникација интернет. Овие трошоци се зголемени од предвидениот износ поради зголемување на банкарските провизии. |
| **VI. Индиректни трошоци (вкупно)** | | | |
| Користење канцеларија 50% | 41.250 | 41.250 | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Режиски трошоци | 6.250 | 6.226 | |
| **VII. Специфични трошоци поврзани со програмата (вкупно)** - *искористете ги овие ставки и, доколку е потребно, додадете детали или ставки што се релевантни за вашата програма* | | | |
| Мониторинг | 105.000 | 105.000 | |
| Правен експерт за правни мислења | 36.000 | 36.000 | |
| Правен експерт за документ за јавни политики | 28.800 | 28.800 | |
| Правен експер за адаптирање на методологија за кривични и граѓански предмети | 28.800 | 28.800 | |
| Печатање на постери | 13.500 | 13.393 | |
| Дизајн на постери и инфографици | 15.000 | 15.000 | |
| Билборд | 50.750 | 51.047 | Пренамена од 297 денари од ставка Рекламирање на социјални мрежи |
| Рекламирање на социјални мрежи | 2.000 | 0 | Износ од 297 денари се префрлени во буџетска линија Билборд |
| **Вкупни трошоци (I+II+III+IV+V+VI+VII)** | 600.000 | 598.161 | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

## 8. Документација
(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 24.01.2022 год.

(Место) (датум)

Извршна директорка

Натали Петровска

(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П.

(Потпис)